Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори
ПАРКИРАЛИШТА СТРУМИЦА
Бр. 04-676/13
26.06.2025 год.
Струмица

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018" и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) како и согласно член 38 став 1 точка 14 од Статутот на ЈП Паркиралишта Струмица со бр.01-720/1 од 18.08.2022 год., а имајќи во предвид Предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас 206/2025 со арх.бр. 10-869/7 од 18.06.2025 год.), Директорот на ЈП Паркиралишта Струмица-Струмица донесе

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас бр.206/2025

1. За извршител на работите на работно место Помлад соработник за управување со човечки ресурси, Одделение за управување со човечки ресурси, Сектор за административни работи и човечки ресурси, со шифра КДР 01 02 В04 042, се избира кандидатот **Љубица Бачева** со идентификациски код 0А049Ф6.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со решение од директорот на Агенцијата за администрација со архивски број 10-869/3 од 30.04.2025 год., во функција на спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по огласот за вработување на административни службеници бр.206/2025 објавен на ден 29.04.2025 г. во дневните весници ,,Вечер'', ,,Нова Македонија'' и ,,Коха'', на ден 14.05.2025 год. се спроведе постапка за административна селекција, по што на ден 11.06.2025 се спроведе испитот за административен службеник, а на ден 18.06.2025 година се изврши проверка на веродостојноста на докази и комисијата спроведе интервју за наведеното работно место.

По завршување на наведените постапки, комисијата подготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и предлогот за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работно место: КДР 01 02 В04 042 Помлад соработник за управување со човечки ресурси, Одделение за административни работи, Сектор за административни работи и човечки ресурси.

Врз основа на ранг листа и предлог за вработување на кандидати, Директорот на ЈП Паркиралишта Струмица- Струмица донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Директор
Иван Стаменовски

Доставено до :
- Агенција за администрација
- Именуваниот
- Архива